Документот е генериран преку www.sonk.org.mk

АКОВОДСТВОТО НА СОНК ОСТВА И АБОТНА С Е СО МИНИСТЕ ОТ ЗА КУЛТУ А

По барање на раководството на СОНК, се оствари работна средба во Министерството за култура

Об ј авено на: 13 Jul 2017

По барање на раководството на СОНК, на ден 12 – 07-2017 година се оствари работна средба во Министерството за култур на ко ј а од страна на СОНК присуствуваа претседателот на СОНК, Ј аким Неделков и генералниот секретар, Весна Неделковска, додека од страна на Министерството за култура, министерот за култура , г-динот оберт Ала ѓ озовски, шеф кабинетот , г-динот Тодорче Тасевки и стручни соработници од ова министерство.

На работната средба, од страна на СОНК беа отворени пове ќ е прашања од синдикален аспект, а во интерес на правата работен однос на членовите на СОНК од де ј носта култура. Главен акцент во разговорите се стави на Колективниот дог култура, ко ј ве ќ е подолго време се подготвува и истиот, како законска процедура, ве ќ е е поминат на Ј авна расправа во членството на СОНК и сите забелешки, сугестии и мислења се вгради ј а во конечниот текст на ово ј колективен договор.

Заедничка констатаци ј а на преставниците на СОНК и на министерството за култура беше дека единствена пречка за потпишување на Колективниот договор за култура е обезбедување на финансиски средства за реализаци ј а на договорен коефициенти за секое работно место, за што искрено сите се надеваме дека во наредниот период и ово ј проблем ќ е се надмине.